**АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

**Су-04-74/21-4**

**24.12.2021 година**

**БИТОЛА**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА, Петре Србиновски врз основа на член 43 од Законот за судска служба ( Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018 ) по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас бр.1/2021 , за кариерно унапредување на судски службеници, за работно место Виш судски референт- координатор на дактилобиро – 1 извршител по доставениот Предлог на кандидати за унапредување со утврдена Конечна Ранг-листа на кандидати на Комисијата за селекција за унапредување од 23.12.2021 година, на ден 24.12.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на 1 извршител – кандидат за унапредување на работно место Виш судски референт-координатор на дактилобиро**

За работното место со реден број 3 од Интерниот оглас бр.01/2021 Виш судски референт-координатор на дактилобиро, Категорија Г, Ниво Г-2, шифра СУД0101Г02001 – 1 извршител,се избира кандидатот:

1. **КЕТИ ЛАЗАРОВСКА**

Решение за унапредување за избраниот кандидат ќе се донеси по правосилноста на оваа одлука

О б р а з л о ж е н и е

По добиената согласност од Судски Буџетски Совет на Република Северна Македонија бр.08-895/7 од 07.12.2021 година и Известувањето од Министерството за финансии бр.18-10219/2 од 03.12.2021 година, од страна на Апелациониот суд Битола на веб страната на судот на ден 15.12.2021 година, објавен е Интерен оглас бр.1/2021 за кариерно унапредување на 4 судски службеници.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на судски службеници, Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Апелационен суд Битола со Решение СУ-02-268/21 од 22.12.2021 година, направи административна селекција за што состави Записник за административна селекција Су-04-74/21-4 од 23.12.2021 година . По извршената административна селекција од страна на Комисијата , со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за судска служба и по извршеното интервју, Комисијата состави Записник од интервју на

кандидатите за унапредување на работното место Виш судски референт-координатор на дактилобиро Су-04-74/21-4 од 23.12.2021 година после што изготви Конечна ранг листа на интервјуираните кандидати и Предлог за избор на кандидати за унапредување . Предлогот е доставен до Претседателот на Апелационен суд Битола.

Врз основа на доставениот предлог Претседателот на Апелациониот суд Битола донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Примерок од Одлуката да се достави до избраниот кандидат, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на огласна табла и на веб страницата на судот.

.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ
Петре Србиновски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба